МЕПСО

ул. Максим Горки бр.4 1000 Скопје Р.С. Македонија

АД МЕПСО – Скопје, како Друштво кое врши дејност пренос на електрична енергија и управува со електропреносниот систем во Република Северна Македонија, поаѓајќи од заложбите за обезебедување на почитување на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста, заштитата на човековите права и слободи, како и оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем, АД МЕПСО во државна сопственост, ја усвојува следнава политика:

## ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ

Водејќи се од Програмата за усогласеност на АД МЕПСО на иницијатива на Службеникот за усогласеност се пристапи кон прифаќање на изјавата за политика на интегритет од страна на менаџментот (УО) на АД МЕПСО. На овој начин менаџментот официјално се декларира дека сите вработени и службените лица во вршење на своите активности ќе работат законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно, ќе го чуваат својот углед и угледот на институцијата.

Воедно со прифаќање на мерките и активностите кои се дефинирани во овој документ ќе се обезбедат услови за идентификување и елиминирање на ризиците, отстранување на сомневањата за можноста од настанување и развој на корупција.

Сите напори на политиката на интегритет се насочени кон воспоставување на пофункционален систем на транспарентност и комуникација (внатрешна и надворешна) во функција на обезбедување на сигурност на ЕПС како критична и значајна енергетска инфраструктура, а особено во спречување на евентуална дискриминација на корисниците на електропреносниот систем.

Целта на овој документ е да се утврдат обврските и должностите на сите вработени во АД МЕПСО со цел да се обезбеди поголема видливост и зајакне довербата од страна на граѓаните, здруженијата и бизнис заедницата при спроведување на правата и обврските на АД МЕПСО како општествено одговорна компанија во согласност со позитивните законски прописи, пред се почитувајќи го јавниот интерес.

Во функција на остварување политиката на интегритет со која се бара нулта толернација во однос на корупцијата, АД МЕПСО се обврзува да воспостави систем за заштита од мито, корупција и оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем, а 3 (трите) принципи врз кој ќе се воспостави овој систем се: (1) Еднаквост, (2) Транспарентност и (3) Партнерство.

Спроведувањето на политиката на интегритет ќе се остварува во согласност со Законот за спречување на корупцијата, Законот за заштита на укажувачите, Законот за заштита на конкуренцијата, Законот за заштита и спречување од дискртиминација, Законото за енергетика, Програмата за усогласеност, Годишниот план за спречување на корупцијата, како и други прописи и деловни практики со приомена на високи професионални стандарди.

Успешноста од спроведување на политиката на интегритет зависи од повеќе фактори пред се од вољата на менаџментот за спроведување на активностите, внатрешната комуникација и соработка, надворешната комуникација и соработка, односно градење на партнерство со повеќе целни групи како што се: граѓаните, здруженијата, бизнис заедницата и други јавни и приватни институции во општеството.

Воспоставувањето на партнерство во спроведувањето на политиката на интегритет претставува процес во кој ќе се почитуваат вредностите и стандардите во градење на секој партнерски однос со секоја претходно наведена целна група се со цел АД МЕПСО да биде препознаена како *транспарентна* и *професионална* општествено одговорна компанија со силен интегритет и етички вредности.

Со оваа изјавата за прифаќање на политиката на интегритет, АД МЕПСО се обврзува дека ќе спроведе активности за *самоевалуација*[1] во делот на проценка на ризик од можна корупција, преку спроведување на *истражување* со дистрибуирање на прашалник за самоевалуација до секој вработен во АД МЕПСО од што ќе произлезе Извештај од спроведеното истражување за самоевалуација, каде на основа на резултатите од истражувањето ќе се пристапи кон изработка на следниве документи:

- *АНАЛИЗА* за проценка на ризици работни места за можна корупција во АД МЕПСО,
- *АКЦИСКИ ПЛАН* за следење и управување со ризици за можна корупција во АД МЕПСО (2024-2026), и
- *РЕГИСТАР* за можна корупција во АД МЕПСО,
- Правилници, упатства, протоколи, процедури што ќе произлезат од акцискиот план за следење и управување со ризици за можна корупција во АД МЕПСО (2024 – 2026).

За остварување на целите, политиката на интегритет на АД МЕПСО препознава 3 (три) сегменти кои се носечки во нејзината имплементација и тоа: (1) Воведување на стандарди за воспоставување на систем на интегритет, (2) Комплементарност, спроведување и поддршка на системот за интегритет и (3) Индикатори за следење и известување за успешноста на системот за интегритет.Овие три сегменти се носители на политиката на интегритет на АД МЕПСО и во зависност од квалитетот на нивна имплементација ќе зависи и успешноста и постигнувањата на поставените цели.

---

[1] Самоевалуацијата во АД МЕПСО се спроведува врз основа на применливоста на дел од насоките од документот: Прирачник за лица за интегритет, ДКСК март, 2022 Скопје

# 1. Воведување на стандарди за воспоставување на систем на политика на интегритет

Системот за интегритет во АД МЕПСО е воспоставен на база на елементи со кои се почитуваат највискоите етички стандарди за интегритет, а се однесуваат на:

- Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси,
- Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за секој вработен, а особено на позицијата на службеното лице,
- Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации,
- Наменско, рационалоно и ефикасно управување со јавните ресурси,
- Транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер,
- Заштитено пријавување од укажувачи,
- Управување со квалитет и стандарди, и
- Оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем.

## 1.1. Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси

Сите вработени во АД МЕПСО се обврзуваат дека во своето работење ќе му дадат приоритет на јавниот во однос на приватниот интерес и дека се поттикнува и развива организациска култура која нема да толерира и цврсто се спротиставува на судирот на интереси во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување.

За да се овозможи ефикасно управување со потенцијалниот судир на интереси во АД МЕПСО се спроведува постапка за јасна идентификација и декларирање на личните интереси, се утврдуваат јасни правила за очекувањата од службените лица кога постои ризик од судир на интереси, се обезбедува и гарантира транспарентност во текот на процесот на решавање на ситуациите во кои се појавува судир на интереси и се развиваат механизми за следење на почитувањето на правилата за превенцијата на судирот на интереси, а со тоа и промовирање на интегритетот и довербата во организацијата.

## 1.2. Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за секој вработен, а особено на позицијата на службеното лице

Сите вработени особено службените лица во АД МЕПСО се должни да го почитуваат етничкиот кодекс на институцијата. Етичкиот кодекс во АД МЕПСО има за цел да го поттикне професионализмот, да го заштити јавниот интерес, да обезбеди отчетност, да промовира одговорност, да ја одржува непристрасноста, да спречи дискриминација и да ја запази политичката неутралност.

АД МЕПСО е во процес на развивање на механизми кои овозможуваат доследно да се следи почитувањето на етничкиот кодекс од страна на сите вработени и службените лица. Дополнително, се усвојуваат посебни кодекси на постапување, особено во областите кои се многу подложни на корупција, како што се јавните набавки подеднаков и транспарентен пристап до ЕПС и оневозможување на дискриминација на корисниците.

### 1.3. Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификаци

Интегритетот се промовира како дел од управувањето со човечки ресурси во АД МЕПСО. Транспарентните процеси на вработување, јавно објавени со однапред дефинирани критериуми и воспоставени политики, обезбедуваат именувањата и унапредувањата да се засноваат на заслуги и квалификации, ослободени од партиски влијанија, непотизам и кронизам.

Во АД МЕПСО се идентификувани работните позиции кои се особено ранливи на корупција и тие подлежат на посебни обврски за заштитата на интегритетот.

За таа цел се изработува Анализа за проценка на ризици на работни места за можна корупција, Акционен план и Регистар на ризици.

Императив е доследно да се почитуваат некомпатибилноста, забраните и ограничувањата, но и правата и обврските со кои се стекнати согласно закон од страна на вработените и службените лица како можност за потенцијална корупција.

### 1.4. Наменско, рационалоно и ефикасно управување со јавните ресурси

АД МЕПСО демонстрира отвореност, отчетност и инкузивност во дефинирањето на буџетските приходи и расходи водени од целта да го задоволат јавниот интерес, континуирано да ги подобруваат услугите за граѓаните, да обезбиди сигурност во преносот на електрична енергија, како и подеднаков пристап и недискриминација на корсниците на ЕПС.

АД МЕПСО се обврзува дека договорите за јавни набавки, договорите за закуп на капацитети за пренос на електрична енергија, јавно-приватните партнерства, доделување на права за приклучок на ЕПС и слично ќе ги спроведува низ транспарентни процедури кои овозможуваат еднаков третман и конкуренција на заинтересираните учесници за користење на ЕПС.

### 1.5. Транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер

АД МЕПСО обезбедува вистинити, соодветни, навремени и целосни информации на граѓаните и правните лица, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци.

АД МЕПСО се стреми кон високо ниво на активна транспарентност, односно објавуваат што е можно повеќе информации на својата веб-страница и демонстрира подготвеност неговото работење да биде ставено на јавен увид и контрола.

Слубените лица не смеат да ги користат информациите со кои располагаат во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или друг.

### 1.6. Заштитено пријавување од укажувачи

Овозможувањето на укажувачите да пријавуваат недозволиво или незаконито постапување не стравувајќи од последици, претставува еден од столбовите за успешна превенција, откривање, истрага и санкционирање на ваквите постапувања со кои ќе се загрозува работењето на институцијата. АД МЕПСО усвојува процедура за заштитено пријавување и има назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи. Со процедурата за заштитено пријавување и со овластено лице за заштитено пријавување се запознаваат сите засегнати страни.

### 1.7. Управување со квалитет и стандарди

АД МЕПСО воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредува работењето и процесите, се намалуваат ризиците и трошоците, а се подобрува мотивираноста на вработените и се следат вкупните резултати од работењето.

Унапредувањето на испораката и подобрувањето на квалитетот на услуги се врши преку одговорно планирање, управување и реализација на процесите и промовирање на култура на извонредност на јавната администрација, согласно меѓународниот стандард ИСО 9001. Заедничката рамка за процена – ЦАФ и други стандарди за квалитетот во јавниот сектор.

АД МЕПСО е сертифициран од надворешно акредитирано тело и ги спроведува процедурите во системот за менаџмент со квалитет согласно меѓународниот стандард ISO 9001:2015 кој е интегриран со процесите и раководната структура.

### 1.8. Оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем

Оневозможувањето дискриминација на корисниците на системот за пренос на електрична енергија е императив за обезбедување фер и правичен пристап до ресурсите на електрична енергија. Дискриминацијата, без разлика дали се заснова на фактори како што се големината, локацијата или типот на корисникот, може да доведе до нееднаков третман и да го попречи развојот на конкурентен и ефикасен енергетски пазар.

Со имплементирање на регулативи и политики кои промовираат недискриминаторски практики, регулаторните тела можат да поттикнат еднакви услови за игра за сите учесници, да ги охрабрат иновациите и на крајот да имаат корист за потрошувачите преку промовирање на ефикасност, доверливост и достапност во секторот на електрична енергија.

Дополнително, обезбедувањето еднаков пристап до системот за пренос, исто така, може да придонесе за постигнување на поишироки општествени цели, како што се намалување на емисиите на јаглерод и промовирање на интеграцијата на обновливите извори на енергија, преку олеснување на учеството на различни енергетски ресурси и играчи на пазарот.

Генерално, оневозможувањето на дискриминација во системот за пренос на електрична енергија е од суштинско значење за промовирање на одржлива, инклузивна и еластична енергетска иднина.

## 2. Комплементарност, спроведување и поддршка на системот за интегритет

Комплементарноста на системот за интегритет се базира на сеопфатен опфат на надополнувачки процеси со цел да овозможи ефикасност и ефективност на системот. АД МЕПСО е посветен на градење на капацитетите и поддршка на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од стандардите за интегритет во насока на законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работните задачи.

Раководните структури во АД МЕПСО се одговорни за воспоставување и спроведување на системот на интегритет, како и за нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на вработените.

Градењето на капацитетите се одвива преку редовна едукација на вработените за соодветна примена на стандардите за интегритет по пат на обуки, како и со овозможување на советување за сите дилеми кои можат да се јават кај службените лица во секојдневното работење. За да обезбедат ефикасно спроведување на системот за интегритет АД МЕПСО назначува лице за интегритет.

АД МЕПСО ги идентификува ризиците од корупција и истите редовно ги проценува и следи. Соодветно на тоа се преземаат и мерки за надминување на ризиците кои го загрозуваат интегритетот на институцијата.

## 3. Индикатори за следење и известување за успешноста на системот за интегритет

АД МЕПСО овозможува двостепен систем на следење на примената на системот на интегритет, на ниво на самата институција (АД МЕПСО), и од страна на надлежната институција. Државната комисија за спречување на корупција (во понатамошниот текст ДКСК).

Целта на следењето на системот за интегритет во АД МЕПСО е да се утврди ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, како и за мерење на резултатите на база на основни индикатори на транспарентност и недискриминација од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција.

Процесот за следење и известување за примената на системот за интегритет го координира лицето за интегритет. АД МЕПСО спроведува и внатрешни контроли за проверка на примената на стандардите за интегритет преку вклучување на внатрешната ревизија.

АД МЕПСО се обврзува на соработка со ДКСК овозможувајќи и да го следи спроведувањето на системот за интегритет. За таа цел, АД МЕПСО се обврзува на точно, редовно и навремено информирање на ДКСК за сите активности преземи во насока на примена на системот за интегритет, како и за спроведување на добиените насоки, препораки и укажувања од страна на ДКСК во однос на јакнење на интегритетот во институциите.

Подолу потпишаните лица како претставници на менаџментот на АД МЕПСО даваат целосна подршка на Политиката на интегритет на АД МЕПСО и во целост ќе се заложат за доследно и целосно спроведување на Политиката на интегритет.

- Претседател на УО/Kryetari i Këshillit Drejtues Zuhdi Enuz __________
- Член на УО/Anëtar i KD Никола Рилак __________
- Член на УО/Anëtar i KD Bilen Saliji __________
- Член на УО/Anëtar i KD Љупчо Зиков __________
- Член на УО/Anëtar i KD Гоце Михајловски __________
- Член на УО/Anëtar i KD Зоран Илиоски __________
- Член на УО/Anëtar i KD Томи Божиновски __________

**УО бр. 02-2893/2-1**
**17.04.2024 година**